Димитрие Дурацовски

# СПЛАВОТ МЕДУЗА

За Томе Аџиески и Станко Павлески

*Вашите најдобри намери и надежи дека јас сум тој кој ќе даде придонес кон вашиот необичен но многу оригинален и интересен проект кој вие го нарековте **Кино Напредок 3 Трилогија – Провинција,** како што гледате, ќе бидат изневерени. Ниту е место а ниту пак време овде и сега да се обидувам да барам нешто што ќе личи на оправдување – она што ви го ветив не го направив. Затоа ви должам мое најдлабоко извинување.*

Што всушност се случи и како сето тоа да го објаснам? И дали воопшто нешто се случи?

Она што го видов, сиот оној материјал кој ми го донесоа а во кој е собран нивниот уметнички труд, нивните “work in progress” сите тие брошури, каталози, сепарати, флаери, постери, картички, текстови, биографии, монографии, кои ја објаснуват нивната работа, нивната уметничка пракса, сето тоа издигнато на едно високо креативно теориско ниво, за миг ме зашемети и ме вџаши, потоа ме остави без зборови и најнакрај, разгледувајќи го сиот тој материјал полека соземајќи се од зашеметеноста, длабоко ме замисли. Помислив, во еден миг дека уметниците секако погрешиле во изборот, го погрешиле човекот – ова е работа за Вилиќ, си помислив, или пак за Чанкуловска, за Алексиев, за Абаџиева, за Теодосиевски, можеби за Величковски, или пак за Шелева, Саркањац или Мухиќ, но сигурно за некој од редот на нашите првотимци - теоретичари и херменевтичари. И си помислив, навистина, зошто токму на уметниците им текнало да ме побараат мене?

Но кога дојдоа тоа саботно пладне во Струга и кога ги донесоа сите оние каталози, книги и текстови, ми рекоа дека подготвувајќи го Проектот кој во својот наслов го

содржи поимот Провинција, веднаш помислиле на мене. И додека размислував за тоа, навистина никако не можев да најдам некаква посебна причина зошто помислиле токму на мене. Но, разгледувајќи го нивниот концепт со кој го објаснуваат проектот а кој е поприлично обемен, видов нешто кое едновремено ме натажи и развесели. На првата страна од текстот го прочитав следново: ***Проектот е посветен на оние интелектуалци кои не сакаат да го напуштат својот роден град.***

И тогаш се сетив на нив – на учителките.

За веднаш потоа да помислам и на Жерико и на Сплавот Медуза и на Љубомир Мициќ и на Ве Пољански и на Карпо Година и на Бранко Вучичевиќ, на сите нив посебно и во еден миг заедно, но најпрво на нив - на *учителките*. Но, зошто учителки и зошто Сплавот Медуза? Еве зошто. Станува збор за ПРОВИНЦИЈА. Жерико нема никаква врска со ова, тој е "само" автор на сликата која се вика "Сплавот Медуза". Но ако сакаме да бидеме попрецизни и да бараме влакно во јајце сликата всушност се вика Сплавот на "Медуза". Но за оваа приказна не е важна сликата на Жерико, нам ни е важен насловот. А тоа е наслов на филм. Филмот го режирал и самиот го снимил погоре речениот Година по сценарио на Вучичевиќ, и двајцата припадници на онаа сега малку постара уметничка авангарда од шеесеттите и седумдесеттите години на дваесеттиот век. А во нивниот филм се зборува за УМЕТНИЦИ и за ПРОВИНЦИЈА но пред се за *учителки*. И таму, во тој филм се појавуваат двете учителки на кои веднаш се сетив кога Аџиевски и Павлески ми го "објаснија" Проектот. А дејствието на филмот се случува во Провинција во…Dvajseta leta tega stoletja: osamljeni podeželski učiteljici, Slovenka Kristina in Srbkinja Ljiljana, sanjarita o pustolovščinah v velikem mestu. Ljiljana občasno gola pozira kot fotomodel, da bi zaslužila kaj denarja in doživela kaj vznemirljivega. Nekega dne se iz Beograda pripeljejo mladi avantgardni umetniki Miša, Aleksa in Borivoje; dekleti se jim pridružita, med Alekso in Kristino pa se splete ljubezen. Kmalu se v vasi pojavi "velikan" Žnidaršič, tako imenovani "najmočnejši mož na svetu", ki ga spremlja sodelavka Nadežda. Umetniki se domislijo, da bi skupaj krenili na turnejo, ki naj bi propagirala Žnidaršičevo moč, obenem pa njihovo umetnost. Skupaj potujejo, dokler skupina zaradi nesporazumov ne začne razpadati. Osamljeni

podeželski učiteljici sanjarita o pustolovščinah v velikih mestih, dokler mesto ne pride k njima v podobi skupine mladih umetnikov iz Beograda.

Но "моите" уметници не дојдоа туку – така овде кај мене, во Провинција. Ми се јави пред да дојдат Томе Аџиевски, едно попладне на телефон, но јас бев некако бавен и дремлив и не разбрав многу од она што тој ми објаснуваше. Претпоставувам дека и тој, од другата страна на жицата, сфатил дека не разбрав што ми зборува. Можеби затоа дојдоа тоа саботно претпладне во Струга? И тогаш кога го истурија целиот оној материјал пред мене, и кога ја прочитав посветата *за интелектуалците кои не сакаат да ја напуштат провинцијата*, односно *својот роден град*, тогаш се сетив на учителките. И ги спомнав во разговорот некако одоколу но тоа помина незабележано. И си помислив и тогаш и потоа повеќепати, ги сонува ли интелектуалецот од провинција истите оние сонови што ги сонуваат учителките од Сплавот Медуза? Мечтае ли исто онака како нив, изгубен во заспаната и каллива провинција, сонува ли и тој за големите градови, за метрополите? За нивните блескави светла? За некакви авантури? Копнее ли и тој по некаков сплав кој ќе го спаси и ќе го однесе на некои поубави места, каде што се случува "нешто"?

Уметниците дојдоа во Провинција. Томе Аџиески и Станко Павлески ме побараа и ми рекоа да напишам "нешто" – што сакаш, рекоа, а тоа за мене значеше дека ако нешто и напишам, најмалку треба да пишувам за нивниот проект наречен Провинција, можеби нешто малку за Провинцијата во која несомнено живеам, бидејќи Струга навистина е провинција за Скопје. И јас за некој од Скопје сум Провинцијалец – тоа е факт. Бидејќи живеам во Провинција. И Тибинген и Хајделберг му се провинција на Берлин. Но не би се опкладил дека жителот од Берлин мисли за оние од Тибинген, или од Хајделберг дека се провинцијалци. Но она што важи за едни не важи за други. Еден пак пишува дека "суштината на провинцијата е во нејзиниот однос кон метрополата а потоа и секундарно во менталитетот – **не е добро да се меша земјопис и психологија** и да се мистифицираат едноставни дефиниции според кои Провинција е: 1. Освоено подрачје (што не е неважно: пази, освоено подрачје, м.з.) 2. Административно подрачје и (вели луцидниот аналитичар, а што е за приказнава и најважно): 3.

***Подсмешлив и потценувачки израз*** за слабо развиено подрачје, како спротивност на *културно и цивилизациски напредната метропола*. Кога вака ќе се дефинира поимот Провинција, може со сигурност да се каже а да не се погреши – нема тука место за никакви **психосоциолошки** и ини категории. Односот помеѓу метрополата и провинцијата е полн со недоверба која оди двонасочно со тоа што онаа која доаѓа од метрополата е *помалициозна и позлобна* и затоа и понеразбирлива од проста причина што длабоката провинција (Струга, на пример) едноставно нема избор – таа **е** провинција и ништо повеќе. Додека пак, метрополата (Скопје, на пример) се наоѓа во амбивалентна положба – навистина за Струга, Скопје е метропола но тешко е да се поверува дека Скопје така го доживува некој кој доаѓа од Рим или Лондон на пример, или пак од Париз. Од цитираниот аналитичар, за кого претпоставувам дека е провинцијалец, уште ова, со што се прави обид да се објасни дека во односот на метрополата кон провинцијата може да се зборува дури и за дискриминација. Имено, од Провинцијата (уште од времето на Римското царство) се очекува да биде **лојална и да не се прави паметна**. Со други зборови, да биде потчинета.

Може и вака - зошто да не? Провинцијата и провинцискиот **modus vivendi** како решение и спас – зошто да не – наместо споредби, работа и провокација, да се понуди (и прифати) – зошто да не - некаква квазисигурност и удобна комоција во една топла, збајатена и мемлива атмосфера создадена помеѓу четири зида но градена со векови, стабилна и неуништлива. А во тој простор нема радост, нема духовност, најмалку духовитост и игра. За искреност и автентичност не станува збор.

Но може и онака како што беше во некое друго време. Кој чул за Шемпас – село ли е во Словенија? А таму, во таа Провинција беше најавтентичната авангарда со Марко Погачник и цело тоа друштво, или Франци, Исток, Орест и Ифигенија Загоричник и нивниот **WestEast**, или пак мистериозниот Башичевиќ – Мангелос од Провинција наречена Шид, град ли е село ли е, или друга една Провинција – Лучани со *Билтен Аутора*. Или Провинција – Суботица која што не беше тесна за европски познатата група на Славко М. - *Bosch & Bosch*. Но, тоа се некои други

времиња од една друга приказна во која ние не учествувавме, или многу, многу малку, но затоа пак сега еве не, повторно на истата тема – Провинција.

Поимите земјопис и психологија ги спомнав со цел да не бидам погрешно разбран, исто како и алузијата на Тибинген и Хајделберг, се разбира, само како земјописен пандан на Струга.

На Уметниците им изразувам најдлабока благодарност што се грижат за Провинцијата, што мислат на неа низ својата работа. Претпоставувам и знам дека ова што го напишав не е она што тие го очекуваа. За тоа уште еднаш најдлабоко им се извинувам. Но тие мораа да знаат дека во никој случај нема ни да помислам дека треба нешто да толкувам и да објаснувам, најмалку она што тие го работаат.

Ми “влетаа” ненадејно овие двајца уметници во мојата секојдневна, “приватна” Провинција, малку ме изместија, ме ставија пред зид, ми го одзедоа за миг моето “одбивање” и моето “неучествување” и најпосле рамнодушноста чие друго име е Провинција.